*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e aktiviteti dhënie të shërbimeve të trafikut ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr 02-1465/5
25.11.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

# Инвестициона програма за 2022 година

***Ноември 2022 година***

"Босфор" Бр.7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr.7, Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Инвестиционата програма на М-НАВ А.Д. Скопје за 2022 година ја опфаќа вкупната вредност на планираните инвестиции за 2022 година, појаснување за финасирањето на планираните инвестиции, како и одделен приказ на инвестициите финансирани со средства обезбедени со заем од ЕБОР и планираните инвестиции со сопствени средства и/или со подршка од домашни и меѓународни инвестиции. Воедно, даден е табеларен приказ на финансиската структура на инвестициите.

**Наслов**

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА ЗА 2022 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број**: | МНВ-810-103.09 | **Издание број**: | 1.0 |
| | | **Дата**: | 18.11.2021 |

**Извадок**:

"...Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2022 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2022 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2023, 2024, 2025...итн. година во зависност од амортизациониот период на инвестициите......"

**Клучни зборови**:

Договорот за заем склучен со ЕБОР, планирани инвестиции, сопствени средства, средства обезбедени со заем од ЕБОР, финансирање на инвестициите, амортизација, финансиска структура на инвестициите.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил | Филип Трандафиловски<br><br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | 17.11.2021 |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br><br>Шеф на Отсек за квалитет-безбедност во Одделение за безбедност, обезбедување и квалитет | 18.11.2021 |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна навигација | 19.11.2021г. |
| | Владко Крстевски<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за воздухопловна техника | 19.11.2021г. |
| | Migjen Salmani<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 19.11.2021г. |

## СОДРЖИНА

1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ ..... 5
2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2022 ГОДИНА ..... 5
3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР/ЛОКАЛНА БАНКА ..... 6
4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ..... 9
5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ..... 10

## 1. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА НА М-НАВ АД СКОПЈЕ

**ПЕРИОД: 2022 ГОДИНА**
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 289.179.472,00 ДЕНАРИ**

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПЛАНИРАНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2022 ГОДИНА

Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), Владата на Република Северна Македонија го формира Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста Давање услуги во воздухопловната навигација - “М-НАВ” А.Д. Скопје, и истото е запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 04.06.2009 година.

Како трговско друштво, согласно член 469 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на Република Македонија“ бр.28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.290/20 и 215/21), М-НАВ А.Д. Скопје има обврска да подготвува и поднесува извештаи во согласност со меѓународните сметководствени стандарди објавени во “Службен весник на РМ” бр. 159/2009 согласно кои Друштвото ги подготвува своите финансиски извештаи врз основа на принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Ова подразбира дека М-НАВ А.Д. Скопје со неговата регистрација во 2009 година како акционерско друштво кое има сопствени извори на приходи, средствата за инвестициони вложувања не ги планира во вкупен износ како расходна ставка во Финансискиот план на Друштвото, туку истите согласно одредбите од Законот за трговски друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување - **трошокот од инвестиционите вложувања се искажува преку амортизација, т.е. како расходна ставка во Финансискиот план се признава само делот врз основа на пресметаната амортизација на истите.**

Воедно, планираните инвестициони вложувања во нивниот вкупен износ претставуваат одлив на сопствените парични средства на Друштвото за 2022 година. Трошокот од инвестиционите вложувања во 2022 година ќе се искаже преку трошокот за амортизацијата во Финансискиот план на М-НАВ за 2023, 2024, 2025... година во зависност од амортизациониот период на инвестициите.

Со цел надминување на финансиските потешкотии на М-НАВ АД Скопје, како последица на пандемијата со КОВИД-19 којашто имаше директни импликации врз воздушниот сообраќај, друштвото е во преговори со ЕБОР за рефинансирање и затворање на тековниот договор за заем склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година за финансирање на „Проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација“ – без државна гаранција на износ од 11 150 000 евра со средства обезбедени со склучување на два нови договора: Договор за заем со ЕБОР во вкупен износ од 10 000 000 евра и Договор за заем со локална банка во вкупен износ од 5 000 000 евра – истите без државна гаранција, за што е добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Согласно горенаведеното, М-НАВ А.Д. Скопје со расположивите средства обезбедени со заем од ЕБОР, како и од сопствени средства и/или со поддршка од домашни и меѓународни институции притоа водејќи сметка за целосната усогласеност на паричните текови и ликвидноста на претпријатието, во 2022 година планира да реализира инвестициони вложувања во вкупен износ од 289.179.472,00 денари.**

Намената на планираните инвестиции и изворите на финансирање се наведени во Точка 3 и Точка 4 подолу.

3. ИНВЕСТИЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ СО ЗАЕМ ОД ЕБОР/ЛОКАЛНА БАНКА

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 239.304.472,00 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2022 година |
|---|---|---|---|
| 1. | **Набавка на нов АТМ Систем, вклучувајќи и техничко оперативна сала за истиот** | АТМ Системот е примарен систем преку кој се остварува основаната услуга на М-НАВ А.Д. Скопје, т.е. давање на услуги на воздухопловна навигација во воздушниот простор на Република Северна Македонија, со цел безбедно, редовно и ефикасно одвивање на воздушниот сообраќај. По целосно спроведената постапка за набавка во две фази, и добиеното одобрение од ЕБОР на 31.07.2017, на 14.12.2018 е склучен Договор за набавка со инофирмата Leonardo во вкупен износ од 484 550.659,00 денари кој стапи во сила на 02.04.2019, истиот со рок на имплементација од 22 месеци. Од 05.03.2020 година, проектот се реализира со намалена динамика поради повикување на Виша сила од страна на Леонардо, како резултат на пандемијата предизвикана од КОВИД-19. На 15.06.2021, по одобрување од страна на ЕБОР, потпишан е Change Order CO-X-001 со што е ажурирана временската рамка на реализација на договорот.<br>Во делот од проектот кој се однесува на имплементација на АТМ системот, во тек е одвивање на активности (HMI Customization). Исто така, договорени се детали околу претстојната обука за оперативниот и техничкиот кадар на М-НАВ која ќе се одржи во повеќе фази, почнувајќи од октомври 2021 година и целосна реализација на истата во 2022 година. Во текот на 2022 година ќе биде извршен FAT (Factory Acceptance Test), како и доставена опремата од страна на Леонардо.<br>Во однос на делот од проектот кој се однесува на изведбата на градежниот дел, во наредниот период се очекува да се добијат од Leonardo финансиските импликации врз проектот кои произлегуваат од разликите помеѓу Идејниот и Основниот проект за изградба на техничко оперативната зграда, како дел од Договорот за набавка на АТМ системот. Врз основа на добиените информации, УО на М-НАВ во координација со ЕБОР ќе ја насочи работната група кон прифатливо решение за нашата фирма земајќи ги во предвид условите предизвикани од КОВИД-19 кризата.<br>Целосна реализација на проектната компонента за АТМ е предвидена за крајот од 2023 година. | 110.023.500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | **VHF радио систем и микробранов линк** | ВХФ системот е Систем за радиотелефонија со воздухопловите, кој преку систем за радиоврски работи во фреквентниот опсег наменет исклучиво за таа намена. Со овој проект треба да се замени постоечката радио опрема и преносен систем со нов.<br>По спроведување на целосната постапка за набавка беше добиено одобрување (20.07.2018) за потпишување на Договор од страна на ЕБОР, при што беа отфрлени жалбите за избор на прворангираниот понудувач доставени од страна на две компании до ЕБОР. Договорот, како и Амандман бр.1 на Договорот, е потпишан на 11.03.2019 со инофирмата Park Air Systems, во вкупен износ од 47 850 355,00 денари. Истиот стапи во сила на 12.07.2019. Поради појавата на пандемија со КОВИД-19 во 2020, Park Air Systems се повика на одредбата од договорот за Виша сила, одлука која што УО на М-НАВ ја прифати, со што привремено беше забавена реализацијата на проектот. На 08.02.2021, по одобрување од ЕБОР е потпишан Амандман бр.2 на Договорот, со кој се продолжува рокот за реализација до септември 2021 година. Во текот на 2021 година се завршени градежните активности и е започната инсталацијата на опремата на Солунска Глава, која поради проблеми со доставената опрема од страна на Park Air, и влошување на временската ситуација на локацијата Солунска Глава не беше до крај реализирана. Поради тоа, финализација на проектот е предвидена за крајот на првата половина од 2022 година. | 29.932.352,00 |
| **3.** | **Систем за комутација на говорни канали Voice Communication System (VCS)** | VCS системот е еден од основните системи преку кои се остварува комуникација на контролорот на летање со воздухопловите, но и со соседните центри за контрола на летање. Новиот систем би станал главен систем преку кој ќе се одвива комуникацијата во контролата на летање, а постоечкиот би имал улога на резервен систем. Постапка за набавка на нов VCS систем е веќе спроведена во 2017 и 2018 година, но поради неисполнување на техничките барања од страна на сите понудувачи, добиено е одобрение (19.06.2018) од страна на ЕБОР за повторување на набавката со ревидирана техничка спецификација.<br>Изготвувањето на новата тендерска документација во координација со консултантите беше финализирано во 2021 година и одобрено од страна на ЕБОР, по што следеше објавување на повик за набавка на 07.06.2021 на порталот на ЕБОР за набавки (ECEPP), со што започна првата од двете фази на набавката. Се планира во 2022 година да заврши втората фаза од набавката, склучи договор со најповолниот понудувач и да се изврши првото фазно плаќање по договорот, додека целосната имплементација на проектот и финалното плаќање да бидат реализирани во првиот квартал на 2023 година. | 35.977.500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Набавка, инсталација и пуштање во работа на нов Mode-S секундарен набљудувачки радар (Mode-S Enhanced Surveillance Ground Station Implementation)** | Со овој систем ќе се замени постоечкиот дотраен радарски систем Томсон, а воедно значително ќе се зголеми доверливоста на радарските податоци која директно би влијаела на капацитетот и безбедноста на воздушниот сообраќај кој се одвива на небото на Република Северна Македонија. Ревидираниот Извештај за евалуација со кој се бара ретендерирање на постапката за набавка, од страна на ЕБОР е одобрен на 09.05.2018.<br>Изготвувањето на новата тендерска документација во координација со консултантите беше финализирано во 2021 година и одобрено од страна на ЕБОР, по што следеше објавување на повик за набавка на 14.06.2021 на порталот на ЕБОР за набавки (ECEPP), со што започна првата од двете фази на набавката. Се планира во 2022 година да заврши втората фаза на набавката, склучи договор со најповолниот понудувач и да се изврши првото фазно плаќање по договорот, додека целосната имплементација на проектот и финалното плаќање да бидат реализирани во вториот квартал на 2023 година. | 59.501.250,00 |
| **5.** | **Консултантски услуги - Асистенција за имплементација на проектот** | По спроведена постапка за набавка на консултантски услуги за асистенција за имплементација на проектите финансирани со заем од ЕБОР која и се обезбедува на Единицата во М-НАВ одговорна за спроведување на "Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза" (Project Implementation Unit), и по добиеното одобрување од ЕБОР, на 05.07.2018 се склучи Договор со инофирмата Egis Avia од Франција со цена на договор од 12 277 553,00 денари и рок на имплементација од две години. На 09.07.2020 е склучен Амандман бр.1 на Договорот со кој се продолжува важноста на договорот за дополнителни 18 месеци, односно до почетокот на 2022 година. Во тек е изработка на Амандман бр.2 со цел продолжување на важноста на договорот до крајот на 2022 година. | 3.869.870,00 |
| | | **Вкупно** | 239.304.472,00 |

## 4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ: 49.875.000,00 ДЕНАРИ**

| | Назив на проект / активност | Краток опис и статус на реализација | Предвиден буџет за 2022 година |
|---|---|---|---|
| 1. | **Компоненти наменети за новиот АТМ систем** | Набавка на монитори (ATC 2Kx2K монитори), 4 (четири) термички печатари (Toshiba B SA4T G) и 15 (петнаесет) IDS терминали (компјутери со точно одреден модел по спецификација добиеана од интеграторот на новиот АТМ систем - Леонардо) како дел од новиот АТМ систем, со што ќе бидат заменети постојните уреди. | 10.000.000,00 |
| 2. | **Набавка на два независни редундантни извори на електрично напојување** | Со набавката на 2 редундантни извори на електрично напојување ќе се обезбедат потребите како на постоечката, така и на новата АТМ зграда. | 6.000.000,00 |
| 3. | **Адаптација на техничка сала (адаптација на гаражен простор)** | Приспособување на привремените простории за технички цели е потребно со цел новите VCS, VHF и VRRS системи да бидат инсталирани и ставени во употреба меѓусебно поврзани со сегашниот АТМ систем, независно од процесот на инсталација на новиот АТМ систем, кој вклучува и техничко-оперативна сала. Со тоа ќе се овозможи замена на постоечките системи во најскор рок, односно ќе се зголеми сигурноста и безбедноста на целокупниот АТМ систем. | 18.500.000,00 |
| 4. | **Конверзија на систем за греење/ладење од нафта на плин, вклучувајќи конверзија на станицата за греење, како и поврзување на станицата за мерење** | Со конверзија на системот за греење/ладење ќе дојде до усогласување со одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 09.03.2021. | 6.150.000,00 |
| 5. | **Набавка на софтвер, хардвер и процедури за безбедност на информациски системи** | Со набавката на софтверот, хардверот и процедурите ќе бидат исполнети барањата од Националната програма за безбедност во цивилното воздухопловство, како и исполнување на барањата од ЕУ Регулативата (1035/2011). | 9.225.000,00 |
| | | **Вкупно** | 49.875.000,00 |

## 5. ФИНАНСИСКА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО за 2021 година[1] | ПЛАНИРАНО за 2022 година | ОСТВАРЕНО за 2022 година | Споредбена анализа остварено 2022/остварено 2021 (%) | Споредбена анализа остварено 2022/планирано 2022 (%) | Структурна Анализа 2022 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Прелети | 643.881.056,41 | 887.175.083,40 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Терминални услуги | 96.003.676,86 | 121.102.143,58 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | **Вкупни оперативни приходи** (1 + 2) | 739.884.733,27 | 1.008.277.226,98 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Останати приходи | | | | | | |
| 4. | Останати услуги | 11.882.657,17 | 12.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно останати приходи** (4) | 10.149.299,72 | 12.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6. | **Вкупно приходи** (3 +5) | 751.767.390,44 | 1.020.277.226,98 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[1] При искажувањето на реализираните приходи за 2021 година, од причина што кога се изготвуваше Финансискиот план за 2021 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2021 година. За четвртиот квартал од 2021 година земени се планираните приходи од Финансискиот план за 2021 година на Друштвото.

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за 2021 година[2] | ПЛАНИРАНО за 2022 година | ОСТВАРЕНО за 2022 година | Споредбена анализа остварено 2022/остварено 2021 (%) | Споредбена анализа остварено 2022/планирано 2022 (%) | Структурна Анализа 2022 година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1. | Трошоци за вработените | 556.804.080,00 | 759.776.868,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Материјални трошоци | 46.638.064,94 | 86.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3. | Нематеријални трошоци | 42.412.463,75 | 99.075.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4. | Амортизација | 58.500.000,00 | 45.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | **Вкупно оперативни расходи** (1 + 2 + 3 + 4) | **704.354.578,69** | **989.851.868,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 6. | Останати трошоци од работењето | 6.099.698,50 | 6.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | Финансиски трошоци | 11.253.890,77 | 15.000.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8. | **Вкупно останати расходи** (6 + 7) | **17.353.589,27** | **21.000.000,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 9. | **Вкупно расходи** (5 +8) | **721.708.167,96** | **1.010.851.868,00** | **0** | **0** | **0** | **0** |

[2] При искажувањето на реализираните расходи за 2021 година, од причина што кога се изготвуваше Финансискиот план за 2022 година тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелни податоци заклучно со 30.09.2021 година. За четвртиот квартал од 2021 година земени се планираните расходи од Финансискиот план за 2021 година на Друштвото, освен за подставката трошоци за бруто плати каде што со Одлука на Управен одбор е предвидено намалување од 15% на бруто платите на вработените за поседното тримесечје од годината наместо 30% првично планирано, како резултат на подобрувањето на воздушниот сообраќај во втората половина на 2021 година и очекуваното натамошно стабилизирање на приходите на Друштвото.

| | ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ | ИЗНОС на основица[3] | ИЗНОС на камата | Каматна стапка | Износ на месечен ануитет | Вкупно исплатено | Преостанат долг | Преостаната камата | Времетраење (од - до, вк. години) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ** | | | | | | | | |
| 1 | **Вкупно краткорочни кредити** | **0** | **0** | | **0** | **0** | **0** | **0** | |
| | **ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ** | | | | | | | | |
| 2 | Кредит од ЕБОР[3] | 162.725.925,00 | 6.600.241,50 | 3.75 | 3.372.255,79 | 40.467.069,50 | 122.258.855,50 | 0 | 0 |
| 3 | **Вкупно долгорочни кредити** (2) | **162.725.925,00** | **6.600.241,50** | **3.75** | **3.372.255,79** | **40.467.069,50** | **122.258.855,50** | 0 | |
| 4 | **Вкупно** (1 +3) | **162.725.925,00** | **6.600.241,50** | **3.75** | **3.372.255,79** | **40.467.069,50** | **122.258.855,50** | **0** | |

[3] Основицата е земена со состојба 31.12.2021 година на обврската на повлечените средства од заемот и од таа состојба се пресметани ануитетите квартално. Начинот на пресметката на ануитетите по квартали се прави согласно повлекувањата на средствата од кредитната линија и во текот на 2022 година тие ќе бидат променливи за што ќе се известува на квартално ниво во 2021 година.